Агенција за остварување
на правата на заедниците

СТРАТЕШКИ ПЛАН

за период 2025 - 2027 година

Август 2024 г.
С к о п ј

Стратешкиот план за период 2025-2027 во суштина претставува клучен стратешки документ на Агенцијата за остварување на правата на заедниците преку кој се определува насоката за работа во наредниот период и се определува нашиот пат кон понатамошното унапредување, заштита и остварување на правата на заедниците кои се помалку од 20% од вкупното население во Република Северна Македонија.

Активностите во наредниот период ќе бидат насочени кон неколку долгорочни приоритети заеднички утврдени со припадниците на заедниците, а во целосна согласност со нивните очекувања каде би сакале да ја видат Агенцијата во иднина. Овој план ќе обезбеди целосна посветеност на вработените во Агенцијата во неговото спроведување, следење, анализа и евалуација на постигнатите резултати и оценка на сработеното, а конкретни придобивки ќе имаат припадници на сите заедници во Република Северна Македонија.

Со стратешкото планирање во целост ќе се реализираат начелата на транспарентност и отчетност како основна вредност на нашето секојдневно работење.

При утврдување на приоритетите и целите, Агенцијата се водеше од приоритетите и целите на Владата на Република Северна Македонија, визијата на вработените во Агенцијата, како и од реалните потреби на припадниците на заедниците и граѓанскиот сектор.

Силно верувам, дека заедно со вработените со професионална и континуирана посветеност истиот ефикасно и ефективно ќе се реализира во согласност со однапред утврдените показатели на успешност, а со тоа ќе се остварат приоритетите и целите на Агенцијата за остварување на правата на заедниците.

Директор
Далибор
Китановиќ

1. В О В Е Д

1.1 За Агенцијата

Агенцијата за остварување на правата на заедниците е основана со Законот за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20 % од населението во Република Северна Македонија

("Службен весник на РСМ" Бр.92/2008 и бр18/2020).

Основната надлежност на Агенцијата е доследно спроведување на уставно и со закон загарантираните права на припадниците на заедниците кои се помалку од 20 % од населнието во Република Северна Македонија.

Стратешкиот план ќе преставува водич во идното делување на Агенцијата, поддржан со реално спроводливи програми и проекти во функција на слободно изразување, негување и развивање на својот идентитет и особености, вработувањето во органите на државната управа и другите јавни институции на сите нивоа, образование на сите степени на својот мајчин јазик, изразување на своите културни особености, информирање на мајчин јазик како и поддршка на активности на граѓански организации како главни партнери во креирање на политиките на Агенцијата.

1.2 Анализа на состојбите

1.2.1 Појдовна основа

При анализа на состојбите со остварување на законски загарантирани права на припадниците на заедниците посебен осврт се стави на двете клучни области од работата на агенцијата и тоа:
- унапредување на правата на заедниците; и
- заштита на правата на припадниците на заедниците.

Самата анализа покажа дека е неопходно понатамошно подобрување на проблемите лоцирани од страна на Агенцијата како што се:
а) Вработување
-недоволен број на вработувања на заедниците под 20% во државната и јавна администрација особено на раководни позиции.
б) Образование
-мал број на ученици кои следат настава на свој јазик
-несоодветен наставен кадар

-неможност за продолжување на образованието на мајчин јазик на повисоките степени на образование

в) Култура

-недоволна заштита на културното наследство на заедниците (споменици и други културни обележја)

-мал број културни манифестации на кои се презентираат фолклорот и другите културни особености на заедниците

- недостаток на финансиска поддршка на граѓанскиот сектор за проекти наменети за унапредување и заштита на културата на припадниците на заедниците

г) Информирање и медиуми

-недоволно информирање на заедниците преку електронски и печатени медиуми

-недоволен број програми на јазиците на заедниците

-несоодветни термини за програмска реализација

-недоволен број на печатени медиуми на јазиците на заедниците

-непостоење на ТВ и радио програми на другите јазици на заедниците кои во Уставот на РСМ се именуваат како останати

д) Останато

-недоволна вклученост на Агенцијата во процесот на одлучување за прашањата кои се однесуваат на припадниците на заедниците.

1.2.2 Анализа на предности, недостатоци, можности и закани

Агенцијата во соработка со Владата на РСМ, граѓанските организации и меѓународни организации во наредниот период постојано ќе ги следи состојбите и своите активности ќе ги насочи кон подобрување на состојбите и надминување на горенаведените проблеми.

Агенцијата во реализацијата на своите програмски актвности базирани на внатрешна анализа ќе се води од своите предности и можности, а ќе ги избегнува идентификуваните закани и ризици.

- ***Предности:*** комуникативност, разноличност, мотивираност за работа, креативност, добра соработка со меѓународни организации и граѓански организации, добри услови за работа и добар тим, посветеност на вработените.

- ***Недостатоци:*** недоволно финансиски средства за активности, недоволна координација со останати засегнати страни, недоволен број на вработени вклучително и од другите заедници, недоволна вклученост во процесите на донесување на одлуки.

- ***Можности:*** потенцијални партнери, пристап до ЕУ фондови, поддршка од НВО сектор, лобирање за политичка поддршка, можност за заеднички проекти со НВО, можност за јакнење на свеста и кај самите заедници и за правата на заедниците,

потреба од зголемено учество на заедниците во образованието во квалитетот на мајчин јазик, информирање на заедниците, вработувањето на заедниците.

- ***Закани:*** актуелен политички контекст.

1.2.3 Анализа на политичките, економските, социјалните, технолошките, правните и еколошките фактори

Анализата на политичките, економските, социјалните, технолошките, правните и еколошките фактори е изработена со цел проценка на влијанието на екстерните фактори врз работењето на Агенцијата за остварување на правата на заедниците.

- **Политичките фактори:**

- стратешките приоритети и приоритетните цели на Владата на Република Северна Македонија

- **Економски фактори:**

- финансиски средства во Буџетот на РСМ и
- можностите за обезбедување на финансиски средства од донатори за спроведување на проектни активности за кои не се предвидени средства во Буџетот на Агенцијата.

- **Социјални фактори:**

- влијанието на граѓанските организации

- **Технолошки фактор:**

- напредокот на технологија и технолошки процеси.

- **Правни фактори:**

- законски и подзаконски правни акти;

- **Еколошки фактори:**

- обврската за заштитата на животната средина и воведување на стандарди за нејзина заштита.

1.2.4 Анализа на ресурсите

- **Финансиски ресурси**

Агенцијата за остварување на правата на заедниците се финансира преку средства обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија - Буџетска Програма 20, Раздел 04012 а дел од проектните активности кои се спроведуваат се финансираат преку средства обезбедени од донатори
(пр. Мисија на ОБСЕ во Скопје).

- **Човечки ресурси**

Во Агенцијата за остварување на правата на заедниците во моментот вкупниот број на вработени е 24 лица од кои 13 се мажи, а 11 се жени. И во натамошниот период Агенцијата ќе продолжи со почитување на принципот на еднакви можности, односно со почитување на родовата перспектива. Подетални информации за човечките ресурси на Агенцијата може да се видат во табелата подолу.

.

Работно место	Високо		Вишо		Средно		Основно		ВКУПНО		Вкупно вработени во АОПЗ
	Мажи	Жени	Мажи	Жени	Мажи	Жени	Мажи	Жени	Мажи	Жени	
Именувани	1	0	0	0	0	0	0	0	1	0	1
Раководни	0	2	0	0	0	0	0	0	0	2	2
Нераководни	6	9	0	0	2	0	0	1	8	10	18
Вкупно	**7**	**11**	**0**	**0**	**2**	**0**	**0**	**1**	**9**	**12**	**21**

2. М И С И Ј А

Агенцијата дава придонес во остварување на правата на заедниците и едукација на јавноста за вредностите и значењето на почитување и заштита на правата на заедниците и меѓуетничка толеранција како неопходен предуслов за целосна демократизација на општеството и полн развој на општеството на патот кон европските интеграции.

3. В И З И Ј А

Целосно остварени и заштитени правата на припадниците на етничките заедници во Република Северна Македонија.

Агенцијата се грижи сите припадници на заедниците кои се помалку од 20% од населението на Република Северна Македонија да можат целосно да ги остваруваат со Устав и закон загарантираните права како што се правото на вработување согласно принципот на соодветна и правична застапеност, правата од областа на образованието, културата, употребата на својот јазик и писмо, информирање на мајчин јазик и останатите области од општественото живеење.

4. ПРИНЦИПИ И ВРЕДНОСТИ

Агенцијата за остварување на правата на заедниците во своето работење целосно ќе се придржува кон остварувањето на следните принципи и вредности:

- **законитост** во постапките за остварување на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20 % од населението во Република Северна Македонија;
- **транспарентност** што подразбира отвореност во работата и активностите кои се реализираат и остваруваат преку постојано информирање на јавноста за постигнатите резултати;
- **еднаквост** што подразбира еднаков пристап во остварувањето на Уставно загарантираните слободи и права на сите припадници на заедници во Република Севрна Македонија;
- **одговорност** што подразбира одговорност во остварувањето на правата на заедниците;
- **правичност** што подразбира рамноправен третман на сите заедници;
- **тимска работа** што подразбира свест за потребата од заедничко дејствување, преземање на заедничка обврска и взаемна одговорност;

- **кооперативност,** што налага отвореност и спремност за соработка и усогласено делување и работа со останатите органи на државната управа, домашни и странски граѓански организации, локални самоуправи и останати чинители;
- **отчетност** што подразбира презентирање и потполна отвореност кон заинтересираната јавност и корисниците на нашите услуги за областа на нашето делување и постигнатите резултати.

5. ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ

Со формирањето на Агенцијата воспоставена е институционална рамка за следење на остварувањето и унапредувањето како и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20 % од населението. Единствено Агенцијата со својата работа во целост се грижи за остварувањето и унапредувањето на правата на заедниците од областа на вработување согласно принципот на соодветна и правична застапеност, на употреба на јазикот, на образование на сите нивоа, култура, информирање итн.

Агенцијата за остварување на правата на заедниците согласно Законот за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од вкупното население во РСМ работи особено на:

- остварување на унапредувањето и заштитата на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20 % од населението во РСМ;
- грижа за усогласување на работа на органите на државната управа што се однесуваат на спроведувањето на амандманите на Уставот на РСМ поврзани со Рамковниот договор;
- поддршка на Владата во реализација на нејзините стратешки приоритети;
- грижа за обезбедување на правична и соодветна застапеност на граѓаните припадници на заедниците во органите на државната управа;
- следење на спроведувањето на законите со кои се обезбедува правична и соодветна застапеност на граѓаните припадници на заедниците во органите на државната управа;
- грижа за обезбедување на образование на припадниците на заедниците во сите степени на образование на нивен јазик во согласност со закон;
- грижа за културното наследство како и промоција на културата на припадниците на заедниците
- грижа за остварување на правото на информирање на свој јазик преку електронските и печатените медиуми во согласност со закон;
- поддршка во основање на здруженија на граѓани и фондации заради остварување на културните, образовните, уметничките и научните цели;
- грижа за остварувањето на правото на употреба на свои симболи;

Во согласност со мисијата, Агенцијата за остварување на правата на заедниците континуирано ќе се грижи за исполнување на своите задачи и обврски со цел постојано унапредување на правата на заедниците .

6. СТРУКТУРА

Агенцијата за остварување на правата на заедниците е организирана во следните организациски облици:

Сектор за следење на остварувањето, унапредувањето, заштитата и промоција на правата на припадниците на заедниците;

1. Одделение за следење на остварувањето, унапредувањето и заштитата на правата на припадниците на заедниците;

2. Одделение за усогласување и координација на работата на органите на државната управа и промоција на правата на припадниците на заедниците;

3. Одделение за управување со проекти и соработка со меѓународни и граѓански организации

СЕКТОР ЗА СТРУЧНО- АДМИНИСТРАТИВНИ, ОПШТИ РАБОТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ


1. **Одделение за стручно - административни и општи работи**

2. **Одделение за управување со човечки ресурси**

Самостојни одделенија кои за својата работа директно одговарат на директорот на Агенцијата институционализирани се:

1. **Одделение за финансиски прашања**

Во рамките на Агенцијата за остварување на правата на заедниците не постојат органи во состав.


Директор
Заменик директор
Сектор за следење на остварувањето, унапредувањето, заштитата и промоција на правата на припадниците на заедниците
Сектор стручно – административни, општи работи и човечки ресурси
Одделение за следење на остварувањето, унапредувањето и заштитата на правата на припадниците на заедниците
Одделение за усогласување и координација на работата на органите на државната управа и промоција на правата на припадниците на заедниците
Одделение за управување со проекти и соработка со меѓународни и граѓански организации
Одделение за финансиски прашања
Одделение за стручно – административни и општи работи
Одделение за управување со човечки ресурси

7. ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ

7.1. Стратешки приоритети

Согласно стратешките приоритети и цели на Владата на РСМ за 2024 - 2028 година и тоа:

- алинеја 4 ***Интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија***
- алинеја 8 ***целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор, јакнење на мултикултурната кохезија и промоција на мултикултурните вредности***

Агенцијата за остварување на правата на заедниците ги одреди следните стратешки приоритетни области за периодот 2025 – 2027:

- **Следење на остварувањето и унапредувањето на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението на РСМ,**
- **Унапредување на заштитата, промоција и надзор над спроведување на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението на РСМ,**
- **Зајакнување на капацитетите на граѓанскиот сектор кој работи во областа на унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците**

7.2. Стратешки цели

Во согласност со горенаведените стратешки приоритети, Агенцијата за остварување на правата на заедниците ги поставува следните приоритетни цели за секоја од програмските области.

- **Подобрување на остварувањето и унапредувањето на правата на припадниците кои се помалку од 20% од населението на РСМ,**

- **Обезбедување заштитни механизми на правата на припадниците на заедниците и подигање на свеста за истите,**

- **Надзор над спроведување на правта на заедниците во сите со закон предвидени области и тоа образование, култура, информирање,соодветна и правична застапеност, употреба на симболи и слично и**

- **Зајакнување на улогата на граѓанскиот сектор во креирање на политики и донесување на одлуки за спроведување и унапредување на правата на припадниците на заедниците.**

8. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ОД ЈАНУАРИ 2023 ДО АВГУСТ 2024 ГОДИНА

Агенцијата за остварување на правата на заедниците во период од Јануари 2023 до Август 2024 година ги постигна следниве резултати:

8.1 ПРОГРАМА 1 – Остварување и унапредување на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од вкупното население во РСМ

8.1.1 Обука на вработени во Агенцијата

Вработените во Агенцијата спроведоа интерна обука во времетраење од 10 дена на нововработените за изготвување на анализи и извештаи преку презентација на сопствените знаења и искуства.

Во рамки на оваа Програма не е реализирана активноста која се однесува на кампањата за подигање на свеста на поширокатa јавност за правата на припадниците на заедниците заради недостаток на финансиски средства во буџетот на Агенцијата.

Во рамки на оваа Програма не е реализирана активноста која се однесува на изготвување на анализи во областите: вработување согласно принципот на соодветна и правична застапеност, образование, култура, употреба на јазик и симболи, информирање и граѓански организации, заради недостаток на финансиски средства во буџетот на Агенцијата.

8.2 ПРОГРАМА 2 – Заштита и промоција на правата на припадниците на заедниците

8.2.1 Отворени денови за граѓанските организации

Во просториите на Агенцијата во 2023 година беа одржани средби со граѓанските организации на Ромите, Турците, Србите, Бошњаците, Власите, како и средби со граѓанските организации на заедниците кои не се спомнати во преамбулата на Уставот на Р. Северна Македонија, како што се граѓанските организации на Црногорците, Хрватите, Египќаните, Словенците, Украинците и други заедници.

На средбите Агенцијата на граѓанските организации им ги престави активностите кои следуваат во наредниот период со посебен акцент на престојниот попис на населението, кој е посебно важен за помалубројните заедници и можностите за идна соработка.

8.2.2 TAIEX

Во текот на 2023 и 2024 година реализираа активности за надзорната функција на Агенцијата и се започна со реализација на TAIEX програмата и посета на надворешен експерт од Република Хрватска. Активностите не се целосно реализирани и истите ќе продолжат со реализација во текот на 2024 година.

8.2.3 Партиципативни форуми

Агенцијата за остварување на правата на заедниците во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје во текот на 2023 година организираше три Партиципативни Форума и тоа:

- "Спречување и защтита од дискриминација врз родова и етничка припадност"
- "Сесија за верификација на првичните наоди од анализата за функционалноста на Партиципативните Форуми"
- "Политичко учество на жените во Северна Македонија – можности и предизвици".

Целта на Партиципативниот Форум е да се зајакне соработката меѓу органите на државна управа и заедниците, заеднички да се разгледуваат прашања од интерес на заедниците, да се изготвуваат препораки, законски и други предлози на текстови, да се овозможи давање мислења во врска со предложените владини политики кои можат посредно или непосредно да влијаат врз остварувањето на правата на заедниците.

8.2.4 10 Декември – Меѓународниот ден на човековите права

Агенцијата за остварување на правата на заедниците во свечената сала на Владата на Република Северна Македонија го одбележа 10 декември – Меѓународниот ден на човековите права. Поздравни обраќања имаа:

- Еран Куртиш – Директор на Агенцијата за остварување на правата на заедниците
- Г-дин Стево Пендаровски – Претседател на Република Северна Македпнија,

- Г-дин Килијан Вал – Амбасадор на Мисијата на ОБСЕ во Скопје,

На настанот присуствуваа пратеници од Собранието на РСМ, представници на Владата на РСМ како и представници на граѓански организации кои работат на унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците.

8.2.5 Обележување на денови на заедниците

Представници на Агенцијата учествуваа на обележување на националните денови на припадниците на заедниците на централни настани организирани од страна на граѓански организации и тоа:

- 27 Јануари – Свети Сава, национален празник на српската заедница,
- 8 Април – Меѓународен ден на Ромите, национален празник на ромската заедница
- 23 Мај – Национален ден на Власите, национален празник на влашката заедница
- 28 Септември – Меѓународен ден на Бошњаците, национален празник на бошњачка заедница
- 21 Декември – Ден на настава на турски јазик, национален празник на турската заедница.

Во рамки на оваа Програма реализирани се сите планирани активности а поради недостаток на финасиски средста не се реализирани планираните активности околу вршењето на надзорната функција на Агенцијата

8.3 ПРОГРАМА 3 – Поддршка на проектни активности на граѓанските организации за спроведување и унапредување на правата на заедниците

8.4 8.3.1 Програма за финансирање на проектни активности на граѓанските организации

Во рамки на оваа Програма не е реализирана активноста која се однесува на организирање на обуки и работилници за граѓанскиот сектор заради недостаток на финансиски средства во буџетот на Агенцијата.

Во текот на 2023 година во буџетот на Агенцијата се обезбедени средства за финансирање на проектни активности на граѓанските организации кои работат на полето на унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците

кои се помалку од 20% од вкупното население во РСМ. Првата година беа обезбедени 3.000.000 денари за горенаведената намена и од страна на Агенцијата е изготвена посебна Програма за финансирање на проектните активности. Во месец Март 2023 година беше распишан Конкурс за финансирање на граѓански организации и беше формирана Комисија за доделување на финансиски средства од фондот од 3 државни службеника од кои 2 вработени во Агенцијата и 1 вработен во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците. До Агенцијата пристигнаа вкупно 39 проекти а финансирани се проектни активности на вкупно 13 граѓански организации.

Во рамки на оваа Програма не е реализиран заеднички проект со граѓанските организации поради недоволен интерес од страна на граѓанските организации организации заради недостаток на финансиски средства во буџетот на Агенцијата.

9. ПРОГРАМИ:

Агенцијата во целост ќе ѓи исполни задачите и обврските за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците преку реализација на специфичните програми:

1. **ОСТВАРУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА ЗАЕДНИЦИТЕ КОИ СЕ ПОМАЛКУ ОД 20% ОД НАСЕЛЕНИЕТО НА РСМ**
2. **ЗАШТИТА, ПРОМОЦИЈА И НАДЗОР НАД СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА ЗАЕДНИЦИТЕ**
3. **ПОДДРШКА НА ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ НА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА ЗАЕДНИЦИТЕ**

Програмите ќе се реализираат во целосна соработка со Министерството за односи меѓу заедниците.

Овие програми во целост ги поддржуваат стратешките приоритети на Владата на РСМ и во нив во целост се вклучени препораките од Извештаите на Европската комисија за напредокот на РСМ во контекст на ЕУ интеграциите и Извештаите на Владата на РСМ по Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства на Советот на Европа.

Финансиската поддршка на програми и проекти на здруженија на граѓани и фондации во себе ги опфаќа следните активности: утврдување на висината на фондот, формирање на комисија, објавување на оглас, разгледување на апликациите и

донесување на одлука за финансирање, доделување на финансиски средства, мониторинг над финансираните програми и проекти, оценка на истите и изготвување на извештаи.

2. П Л А Н О В И З А С П Р О В Е Д У В А Њ Е Н А П Р О Г Р А М И Т Е

П Л А Н З А С П Р О В Е Д У В А Њ Е Н А П Р О Г Р А М А Т А
" ОСТВАРУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА ЗАЕДНЦИТЕ КОИ СЕ ПОМАЛКУ ОД 20% ОД НАСЕЛЕНИЕТО НА РСМ "

А: Оправданост и дизајн на програмата

Програмата произлегува од:
1.Стратешкиот приоритет на Владата на РСМ содржан во Одлуката за утврдување на стратешки приоритети за 2024 година, (Интеграција на РСМ во Европската Унија) и (целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор, јакнење на мултикултурната кохезија и промоција на мултикултурните вредности), односно приоритетни цели (квалитетна подготовка, планирањето, следењето на спроведувањето и известувањето за реформите поврзани со пристапните преговори, со фокус на Патоказот за владеење на правото, Патоказот за реформа на јавната администрација и Патоказот за функционирање на демократски институции, како и Акциискиот план за заштита на правата на припадниците на малцинствата и заедниците), (гарантирање на етничкиот, клтурниот и јазичниот идентитет на заедниците во РСМ, унапредување, заштита и промоција на правата на сите етнички заедници, зајакнување на капацитетите на здруженија и фондациите, финансирање на програмски активности и нивно вклучување во провцесот на донесување на одлуки,подигнување на свеста за важноста и потребата од почитување на разновидноста на културните изразувања на локално и национално ниво).
2.НПАА-Агенцијата има обврски кои произлегуваат од Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија Глава 2 – владеење на правото и фундаментални права Поглавје 23 - правосудство и фундаментални права Подрачје 2.1.3 – Малцинства
3.Стратешки приоритети и цели на органот на државната управа: Стретешки приоритети: - Следење на остварувањето и унапредувањето на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението на РСМ, - Унапредување на заштитата, промоција и надзор над спроведување на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението на РСМ Стратешки цели: -Подобрување на остварувањето и унапредувањето на правата на припадниците кои се помалку од 20% од населението на РСМ, -Обезбедување заштитни механизми на правата на припадниците на заедниците и подигање на свеста за истите,

Назив на програмата: "ОСТВАРУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА ЗАЕДНИЦИТЕ КОИ СЕ ПОМАЛКУ ОД 20% ОД НАСЕЛЕНИЕТО НА РСМ "	**Цели на програмата:** - Подобрување на следењето на остварувањето и унапредувањето на правата на припадниците кои се помалку од 20% од населението на РСМ -Зајакнати капацитети на вработените во АОПЗ за следење на состојбите во сите со закон предвидени области

Показатели за успех на Програмата: - Изготвени бази на податоци во следниве области: вработување согласно принципот на соодветна и правична застапеност, образование, култура, употреба јазик и симболи, информирање и граѓански организации - Реализирана кампања за подигање на свеста на пошироката јавност за потребата од унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците во РСМ - Реализирани обуки за стручно усовршување на вработените во Агенцијата и обука за обучувачи - Изготвени прирачници за правата на заедниците	
Програмата е) **x** □ хоризонтална вертикална	
Резултат 1: Утврдување на степенот на остварување на правата на заедниците во сите области	**Показател за успешност:** Изготвени бази на податоци
Резултат 2: Подигната свест на пошироката јавност за правата на припадниците на заедниците	**Показател за успешност**: Реализирани кампањи за подигање на свеста за правата на припадниците на заедниците
Резултат 3: Стручно усовршени вработени во Агенцијата за изготвување на анализи и извештаи	**Показател за успешност**: Стручно усовршени 5 државни службеника во Агенцијата и сертифицирани 12 обучувачи за правата на заедниците
Резултат 4:Изготвени прирачници за правата на заедниците	**Показател за успешност**:Изготвен прирачник на 6 јазици

Б: План за спроведување на програмата "ОСТВАРУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА ЗАЕДНИЦИТЕ КОИ СЕ ПОМАЛКУ ОД 20% ОД НАСЕЛЕНИЕТО НА РСМ "

П Л А Н З А С П Р О В Е Д У В А Њ Е Н А П Р О Г Р А М А Т А

